ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-1097/2
27.02.2025 година

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19) а во врска со член 88 од Законот за општа управна постапка(Сл.весник на РМ бр.124/15), имателот на информации Општина Велес, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-1097/1 од 10.02.2025 година, поднесено од барателот [redacted] го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

**I.** Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.26-1097/1 од 10.02.2025 година, поднесено од барателот [redacted] кое се бара информации од јавен карактер:

- „да му се достави список на објекти кои се во владение на општината на кои се поставени фотонапонски централи. Списокот треба да содржи: име на објектот, инсталирана моќност (во KW) , година на инсталирање, година на пуштање во работа, и истите да му се достават на барателот во електронска форма, **СЕ УСВОЈУВА.**

**II.** Имателот на информации Општина Велес го известува барателот на кои објекти кои се во владение на општината се поставени фотонапонски централи, во приложената табела:

| Име на објектот | Инсталирана моќност во KW | Година на инсталирање | Година на пуштање во работа |
|---|---|---|---|
| Народен музеј -Велес | 20 KWp | 2024 | 2024 |
| ОУ„Св.Кирил и Методиј"Велес. | 16,1 KW | 2024 | 2024 |
| ООУ„Лирија"с.Бузалково Велес | 40 KWp | 2023 | 2024 |
| ОУ„Панко Брашнар" Велес | 19,5 KW | 2022 | 2023 |
| ОУ„Блаже Конески"Велес | 545 W | 2022 | 2023 |
| ОУ„Васил Главинов"Велес | 19,6 KW | 2022 | 2023 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| СОУ„Кочо Рацин“ Велес | 19,5 KW | 2022 | 2023 |
| ССОУ„Димитрија Чуповски“Велес | 20 KW | 2022 | 2023 |
| ОСУ„Јовче Тесличков“Велес | 19,5 KW | 2022 | 2023 |
| ООУ„Рајко Жинзифов“ Г.Оризари, Велес | 11,4 k W | 2023 | 2024 |

**Образложение**

Барателот [redacted] со седиште на [redacted] до имателот на информации Општина Велес поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-1097/1 од 10.02.2025 година, со кое побара да му се достави список на објекти кои се во владение на општината на кои се поставени фотонапонски централи.

Списокот требало да содржи: име на објектот, инсталирана моќност (во KW) , година на инсталирање, година на пуштање во работа, и истите да му се достават на барателот во електронска форма.

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, постапија по горенаведеното барање за добивање на информација од јавен карактер, во законски определениот рок согласно член 3, став 1, алинеја 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр.101/19), констатираа дека барањето се однесува на информации од јавен карактер, и одлучија како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на Решението.

За Општина Велес службени лица за посредување
со информации од јавен карактер

Марија Цилакова
Даниела Саздова
Фросина Маџарова

Доставено до
-барателот;
-списи и архива.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*